# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 13 Јули 2007 година<br>Службен гласник број 13<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМИЊА НА УЛИЦИ ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за определување на имиња на улици во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1637/2
13.07.2007 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 4 став 1 и член 5 став 1 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен весник на РМ”бр.66/2004) и член 26 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Прилеп(“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003 и 4/2005), а во врска со член 1 став 1 точка 35 од Одлуката за утврдување на Листа на имиња за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр 13/2006), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 11.07.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување имиња на улици во Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат имињата на улиците, границите и означувањето на улици во Прилеп.

Член 2

1 .Ул.”Македонски бранители” се именува улицата која се најдува во месна заедница”Варош“ а започнува од млекарата кај силосите и оди до ул.”Орде Чопела” во должина од 700 метри.

2.Ул.”Карпалак” се именува улицата која се најдува во М.З.”Варош“ а започнува од “Жито Прилеп” и “Тутунски Комбинат” и оди до силосите и млекарата во должина од 900 метри.

3.Ул.”Пецо Секулоски” се именува улицата која се најдува во М.З.”Варош“(кај Бугарските социјални бараки),започнува од гробиштата во “Варош“ и оди на севрозапад до ул.”Орде Чопела” односно на патот Прилеп-Кичево во должина од 650 метри.

4.Ул.”Ердован Шабаноски” се именува улицата која се јадува во М.З.”Тризла-2”, започнува од новиот мост на “Дабничка Река” и оди на североисток покрај оградата на касарната во должина од 450 метри.

5.Ул.”Веби Рушитоски” се именува улицата која се најдува во М.З.”Тризла-2”, започнува од новиот мост на “Дабничка Река” и оди на север покрај

Дабничка Река со два краци во должина од 600метри.

Член 3

Имињата на улиците од член 2 на оваа Одлука напишани на Македонски јазик и неговото кирилско писмо се означуваат на табли така што во првиот ред стои ознаката: “улица”, а во следниот ред името на улицата.

Таблата со името на улицата се поставува на почетокот и на крајот на секоја улица.

Член 4

Таблата се поставува на видно место на висина над 2,5 метри од тротоарот, без да се оштети или наруши естетскиот изглед на објектот на кој се поставува.

Таблата од став 1 на овој член може да се постави и на столбови на тротоари или други неизградени површини, без да се попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Член 5

Таблата со името на улицата се поставува најдоцна во рок од 3 месеци од денот на донесувањето на Одлуката за определување на името на улицата.

Член 6

На таблата освен името на улицата не смее да се пишуваат други ознаки и текстови.

Член 7

Материјалот, бојата, формата и димензијата на таблата со името на улицата, како и големината и бојата на буквите, ги пропишува Министерот за транспорт и врски.

Член 8

Поставувањето и одржувањето на таблата со име на улицата го врши Секторот за урбанизам на Општина Прилеп.

Секторот за урбанизам на Општина Прилеп врши контрола на поставената табла, а доколку таблата е оштетена, уништена или исчезната е должен веднаш или најдона во рок од 1 месец од денот на извршената контрола да обезбеди нејзино обновување.

Член 9

Забрането е поставување на табла спротивно на членовите 7 и 8 од оваа Одлука.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 07 – 1614/3 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 11.07.2007 год. | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стевананџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОМЕНА НА ИМИЊА НА УЛИЦИ ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за промена на имиња на улици во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08 – 1637/3 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 13.07.2007 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 4 став 1, член 5 став 1, член 8 и член 39 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен весник на РМ”бр.66/2004) и член 26 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Прилеп(“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003 и 4/2005), а во врска со член 1 став 1 точка 35 од Одлуката за утврдување на Листа на имиња за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр 13/2006), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 11.07.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за промена на имиња на улици во Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на имиња на улици во Прилеп и тоа:

1. Поранешна ул.”Кеј 4-ти Јули, се најдува во М.З.”Вишне, се променува во Ул.”Бранко Секулоски-Белата”;

2. Поранешна”Благоја Ристиќ-Бале”, се најдува во М.З. ”Вишне”, се променува во Ул.”Нане Наумоски”;

3. Поранешна “Победа”, се најдува во М.З.”Вишне”, се променува во Ул.”Сашо Китаноски”;

4. Поранешна “Марксова” се најдува по М.З. “Центар”, “Варошко Маало”, “Точила” и “Тризла-1”, се променува во Ул.”Прилепски Бранители”;

5.Поранешна “Београдска”, започнува од куќен број 53 од левата страна и од број 58 од десната страна па до крај на сите куќи, се променува во Ул.”Горан Миновски”се најдува во М.З.”Тризла-1” ;

(Сите куќи до број 51 непарни и до број 56 парни и понатаму остануваат да се водат на ул.”Београдска”;

6. Поранешна “Јусуф Јусуфоски”, се најдува во М.З.”Точила”, се променува во Ул.”Марко Деспотоски”;

7. Поранешна “Савска”, се најдува во М.З.”Бончејца” започнува од ул.”Леце Котески”(кај новата бензиска станица и поранешното индустриско училиште) и оди на југо запад во должина од 800 метри со трите крака, се променува во Ул.”Љубе Грујоски” ;

8. Поранешна “Савска”, се најдува во М.З.”Бончејца” започнува од големиот магацин на поранешен “Центропромет” и оди на запад во должина од 600 метри, се променува во Ул.”Дарко Вељаноски” ;

Член 3

Имињата на улиците од член 1 на оваа Одлука напишани на Македонски јазик и неговото кирилско писмо се означуваат на табли така што во првиот ред стои ознаката: “улица”, а во следниот ред името на улицата.

Таблата со името на улицата се поставува на почетокот и на крајот на секоја улица.

Член 4

Таблата се поставува на видно место на висина над 2,5 метри од тротоарот, без да се оштети или наруши естетскиот изглед на објектот на кој се поставува.

Таблата од став 1 на овој член може да се постави и на столбови на тротоари или други неизградени површини, без да се попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Член 5

Таблата со името на улицата се поставува најдоцна во рок од 3 месеци од денот на донесувањето на Одлуката за определување на името на улицата.

Член 6

На таблата освен името на улицата не смее да се пишуваат други ознаки и текстови.

Член 7

Материјалот, бојата, формата и димензијата на таблата со името на улицата, како и големината и бојата на буквите, ги пропишува Министерот за транспорт и врски.

Член 8

Поставувањето и одржувањето на таблата со име на улицата го врши Секторот за урбанизам на Општина Прилеп.

Секторот за урбанизам на Општина Прилеп врши контрола на поставената табла, а доколку таблата е оштетена, уништена или исчезната е должен веднаш или најдона во рок од 1 месец од денот на извршената контрола да обезбеди нејзино обновување.

Член 9

Забрането е поставување на табла спротивно на членовите 7 и 8 од оваа Одлука.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1614/4
11.07.2007 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1637/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 104 од Законот за јавните патишта (“Службен весник на РМ” 26/96, 40/99, 29/02 и 68/04), член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), Советот на Општина Прилеп, на седницата, одржана на 11.07.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Прилеп

Член 1

Во Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 9/2006) во член 3 став 1 после зборот: “појас” се додаваат зборовите: “и на столбовите поставени во трупот на патот и во патниот појас”.

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

“Како инсталации кои се поставуваат и се поставени во трупот на патот и во патниот појас на локалните патишта и улици се сметаат:

- подземни водови – инсталации, кои се вкопуваат во трупот на патот и на патниот појас; и
- надземни водови – инсталации и столбови потребни за водење на воздушни инсталации.

Надоместокот за поставување и поставени подземни водови – инсталации во трупот на патот и во патниот појас изнесува 30 денари годишно за 1м должен поставена инсталација.

Надоместокот за поставените и новопоставени надземни водови – инсталации изнесува 60 денари годишно за 1 метар должен поставена инсталација, како и за секој столб по 1.000,оо денари годишно.

Надоместокот со условите и начинот од кој можат да се поставуваат истите, го одредува надлежен орган на Општината со издавање на согласност по претходно доставен проект и склучен договор”.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 1614/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.07.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ПРИЛЕП**

1. Решението за формирање на Комисијата за избор на идејно решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје на град Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1637/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 11.07.2007 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за именување членови на Комисијата за избор на идејно решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје на град Прилеп

1. За членови на на Комисијата за избор на идејно решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје на град Прилеп, се именуваат:
- Петрана Џиџалеска, дипломиран инжинер архитект;
- Миле Боболески, дипломиран инжинер архитект;
- Бранко Ристески,
- Илија Ристески, и
- Марта Макеска.

2. Задача на Комисијата е да изврши избор на идејно решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје на град Прилеп.

3. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1614/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.07.2007 годи. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БРОЈ 4, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 4/1 (БЛОК “А”) – НАСЕЛБА “ТРИЗЛА” ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 4, дел од урбан блок 4/1 (блок “А”) – населба “Тризла” во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1637/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 11.07.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување на ДУП за УАЕ бр.4, дел од Урбан Блок 4/1, (Блок “А”) - населба “ Тризла“ во Прилеп**

**Чл.1**

**Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.4, дел од Урбан блок 4/1(Блок”А), населба “Тризла” во Прилеп ,** (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:**од североисток осовините на улиците”Дебарца”,”Раде Иваноски”,”Маркови Кули” и ул.”Врањска”,од југоисток улиците “Беровска”и “Тризла”,од југозапад граница е улицата “Белградска”и од северозапад улиците “Белградска” и “Дебарца”, односно вака определениот плански опфат е со површина од 9,51хектари.

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**-Нацрт План** изработен од од ДООЕЛ ” Перкан Проект ” од Прилеп со техн.бр.6/2007, од Февруари 2007 год;

**-Стручна ревизија** на Нацрт Планот изготвена од ”Ин-Пума”Скопје техн.бр.12/2007,од Јануари 2007год.

**-Одговор по извештајот од извршената стручната ревизија** од изготвувачот од планот ДООЕЛ “Перкан Проект “од Прилеп ,бр.07-7/1 од 19.02.2007год.

-**Стручно мислење од Министерството за транспорт** и врски бр.18-2109 од 19.03.2007год.- Сектор за уредување на просторот-Скопје ;

**-Одговор по стручното мислење бр.07-18/1 од 10.04.2007год.**

**-Одлука за утврдување на нацрт планот**бр.07-1011/5 од 16.04.2007год;

**-Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета** по Нацрт планот бр.09-456/7 од 17.04.2007 год.

**-Соопштение за организирање на јавна анкета** и јавна презентација по Нацрт планот бр.09-456/8 од 17.04.2007г.- објавено во печатен медиум –

**- Записник од стручна консултација** бр.09-456/11 од 26.12.2006год.

**-Извештај од спроведена јавна анкета и јавна презентација по нацрт планот** бр.09- 456/12 од 16.05.2007 година.

**-Известување за постапување по извештајот** бр.09-456/13 од 28.05.2007г;

**-Програма за изработка на урбанистички планови за општина** Прилеп за 2006 година ;

**-Согласност од Министерството за транспорт и врски** за Предлог План на ДУП за УАЕ бр.4 ,дел од Урбан блок 4/1,(Блок”А”), населба “Тризла” во Прилеп, бр.16-6922 од 14.06.2007год.- издадена од МТВ-Сектор за уредување на просторот-Скопје.

**-Комплетен примерок од Предлог План** изработен од ДООЕЛ ”Перкан Проект ” од Прилеп, техн.бр.6/2007, од Јануар 2007 год. кој содржи:

**А.ОПШТ ДЕЛ**

**Б.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

-Текстуален дел

-Геодетски елаборат

-Графички прилози

-Извод од постоен ГУП М=1: 5000

- Постојна состојба-ознака и намена на објектите М=1:1000

**В.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

- Текстуален дел
- Нумерички податоци
- Графички прилози План на намена на земјиштето и градбите М=1:1000

Регулационен план М=1:1000

План на површини за градење М=1:1000

Сообраќајна мрежа со нивелманско реш.М=1:1000

Инфраструктураа М=1:1000

Синтезен план со билансни показатели М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од јавната анкета и стручната консултација , со образложение за за прифатените и неприфатените забелешки,изработен од стручна комисија формирана од Градоначалникот на Општината.

**Чл.5**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

**Чл.6**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.7**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 – 1614/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.07.2007 год.на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОКРЕНУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА РАЗВОЈ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА МАСОВНИОТ СПОРТ И РЕКРЕАТИВНИТЕ АКТИВНОСТИ И ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА СПОРТСКИ И РЕКРЕАТИВНИ ПРИРЕДБИ И МАНИФЕСТАЦИИ**

1. Одлуката за покренување на иницијатива за развој и поттикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации,
се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1637/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002), член 14 став 1 точка 6 и член 26 став 1 точка 11 и 33 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за покренување на иницијатива за развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации**

Член 1

Со оваа Одлука се покренува иницијатива и определува постапката за развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации.

Член 2

Целите на иницијативата за развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации опфаќаат:

- покренување на иницијативи за изградба, реконструкција и одржување на спортски објекти , игралишта , јавни површини и трим патеки за изведување на рекреативни активности и сл. ;
- издавање на користење на недвижниот имот, со надоместок или без надоместок, (спортски објекти , игралишта , јавни површини и трим патеки за изведување на рекреативни активности и сл. како и други објекти) сопственост на општина Прилеп, на заинтересирани стопански субјекти, невладини организации, здруженија на граѓани и други правни и физички лица, со цел за реновирање на објектите и користење за дејностите на заинтересираните субјекти за развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации
- поддршка на донаторски проекти за развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации, спортско рекреативни центри, центри за спорт и рекреација и други дејности поврзани со спорт и рекреација.

- инвеститорите кои ќе ги реновираат објектите, односно ќе изградат нови објекти согласно на одобрените проекти , а кои се во функција на развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации се ослободуваат од обврската за плаќање надоместок за комунално уредување.

Член 3

Изработката на Проекти за изградба, реконструкција и одржување на спортски објекти , игралишта , јавни површини и трим патеки за изведување на рекреативни активности и сл. мора да се во согласност со Деталните урбанистички планови , и истите ќе бидат изработени во соработка со Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови Прилеп.

Член 4

Плановите-Проектите за развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации изработени од заинтересираните субјекти, ќе ги оценува-евалуира Одделението за јавни дејности при Општина Прилеп.

Планови-Проекти за развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации за потребите на општината, изработува Одделението за јавни дејности при Општина Прилеп.

Член 5

Издавањето на користење на недвижниот имот, со надоместок или без надоместок (спортски објекти , игралишта , јавни површини и трим патеки за изведување на рекреативни активности и сл. како и други објекти) сопственост на општина Прилеп, на заинтересирани стопански субјекти, невладини организации, здруженија на граѓани и други правни и физички лица, се врши со објавување на оглас во кој се наведуваат објектите. По објавениот оглас заинтересираните субјекти поднесуваат барања со проекти за користењето на објектите.

Градоначалникот на општина Прилеп, по претходно мислење - препорака од Одделението за јавни дејности , склучува Договор за користење на недвижниот имот.

Постапката за издавање на недвижностите ќе се спроведе според законските прописи и членовите 4,5,6,7 и 8 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловниот простор сопственост на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп"6/2004).

Член 6

Приоритет при давањето на недвижниот имот на користење со надоместок или без надоместок, ќе имаат проектите кои ќе понудат подобри услови и можности за развој и потикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации , изградба, реконструкција и одржување на спортски објекти , игралишта , јавни површини и трим патеки за изведување на рекреативни активности повеќе лица вклучени во проектите и одржливост.

Одржливоста на проектите ќе ја оценува Одделението за јавни дејности при Општина Прилеп.

Член 7

Со договорот за користење на недвижниот имот, поблиску ќе се уредат условите, правата и обврските на корисниците на имотот и општина Прилеп.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1614/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.07.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДНЕСУВАЊЕ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТАНА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Одлуката за днесување измени и дополнувања на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп зА 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1637/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), И чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 став 1,точка 15, од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.26 ст.1 точка 7, од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 11.07.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за донесување измени и дополнувања на програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2007година**

**Чл.1**

Во Програмата за урбанистички планови за 2007год. за Општина Прилеп ,донесена под бр.07-2351 /3 од 14.12.2006год.,измени и дополнувања бр.о7-2435/10 од 21.12.2006год. и бр.07-416/7 од 14.12.2007год.,во делот под точка **А-ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ** ,се додава нова точка 22 која гласи:

**22.Детален урбанистички план за УАЕ бр.2, дел од Урбан Блок 2/2-** измени и дополнувања со површина од 2,5ха.за изградба на црква.

**Под точка Б-Урбанистички планови вон населени места** ,се додава нови **точки 8,9,10,11 и 12** кои гласат:

**8.Урбанистички план вон населено место** за изградба на **пречистителна станица** на КП бр.3177/1,3177/2,3177/3,3177/4, и 3177/5,КО Прилеп.

**9.Урбанистички план вон населено место** за стопански комплекс
**Изложбено продажен салонза автомобили и сервис,-** на КП бр.473,КО Прилеп – Општина Прилеп,сопственост на лицето Грозоски Кирил.

**10. Урбанистички план вон населено место-**за изградба на стопански комплекс-**Бензинска станица со угостителски дел и нивни пропратни содржини ,** на КП бр.774 КО Мажучиште,сопственост на Ахмедоски Муфит, во Општина Прилеп.

**11.Урбанистички план вон населено место** за изградба на **меморијално рекреативен центар с.Лениште ,**на КП бр.1104/2 ,КО Лениште,по барање на Здружението на резервни воени обврзници ,учесници во настаните 2001-2002год.

**12.Урбанистички план вон населено место** за изградба на **базна станица за мобилна телефонија ,136 Борула,**на КП бр.16,КО Присад ,м.в.Папрат,Општина Прилеп.

**ПОД ТОЧКА В-Урбанистичка документација за населени места,се додава нова точк 8 која гласи:**

**8.Урбанистички план за с.Канатларци** –измени и дополнувања со проширување на границата на планскиот опфат.

**Чл.2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “ Службен Гласник на Општина Прилеп.

Број 07 – 1614/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.07.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, КВАРТАЛ ВТОР 2007 ГОДИНА**

1. Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп, КВАРТАЛ ВТОР 2007 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1637/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

## *С О Д Р Ж И Н А*
*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 13 од 13.07.2007 година*

1.Odlука за определување на имиња на улици во Прилеп. **Стр. 1**
2. Одлука за промена на имиња на улици во Прилеп. **..........Стр. 2**
3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Прилеп. **...........................................................Стр. 4**
4. Решение за формирање на Комисијата за избор на идејно решение за партерно уредување на дел од централното градско подрачје на град Прилеп. **..................................................................Стр. 5**
5. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 4, дел од урбан блок 4/1 (блок “А”) – населба “Тризла” во Прилеп. **.................................................................................................Стр. 5**
6.Одлука за покренување на иницијатива за развој и поттикнување на масовниот спорт и рекреативните активности и организирањето на спортски и рекреативни приредби и манифестации. **.................................................................................................Стр. 7**
7. Одлука за днесување измени и дополнувања на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијатаНА Општина Прилеп ЗА 2007 година. **..................................................................Стр. 9**
8. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп, КВАРТАЛ ВТОР 2007 година**..............................................Стр. 11**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.